- МЛЕКАРА АД ТЕТОВО -

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2019 ГОДИНА

Прилеп, јуни 2020

Содржина:

	стр.
Извештај на независниот ревизор	**1 – 2**
Финансиски извештаи	
Извештај за финансиската состојба	4
Извештај за сеопфатна добивка	5
Извештај за промени во главнината	6
Извештај за паричните текови	7
Белешки кон финансиските извештаи	8

Додатоци

Додаток 1 – Законска обврска за составување на Годишна сметка и Годишен извештај за работењето

Додаток 2 – Годишна сметка (Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатна добивка)

Додаток 3 – Годишен извештај за работењето

ПЕРК РЕВИЗИЈА
Полигонска Ревизорска Куќа
ул. „Драган Джески" бр. 19
7500 Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон./факс: ++389(0)48 413-856
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До
Акционерите на МЛЕКАРА АД
ул. 29-ми Ноември бб
Тетово

Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Млекара АД Тетово (во понатамошниот текст: „Друштвото") коишто ги вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2019 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината, Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија (Службен весник на Република Македонија) бр.79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не и за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење со резерва.

Основи за мислење со резерва

1. Како што е наведено во Белешка 29 – краткорочни побарувања и краткорочни финансиски вложувања приложена кон финансиските извештаи на Друштвото, со состојба на 31 декември 2019 година Друштвото има евидентирано побарувања од купувачите во износ од 37.012 илјади денари. Во овие побарувања се вклучени тужени побарувања од купувачите во земјата во износ од 15.639 илјади денари. Дел од овие тужени побарувања во износ од 5.856 илјади денари се ненаплативи (се однесуваат на фирми кои се ликвидирани и сл.), при што се преценети средствата а потценети трошоците и загубата за погоре наведениот износ. Дополнително, за останатите тужени побарувања во износ од 9.783 илјади денари, Друштвото нема направено проценка на оштетувањето ниту пак има признаено било какво резервирање поради оштетување на истите.

Мислење со резерва

Според нашето мислење, освен за ефектите дадени во пасусот Основи за мислење со резерва, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на друштвото Млекара АД Тетово на 31 декември 2019 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Извештај за други правни и регулативни барања

Менаџментот на Друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 352, член 384 и член 477 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004, ... 239/2018).

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010, ... 83/2018) е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2019 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работењето е конзистентен од сите материјални аспекти со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Млекара АД Тетово за годината која завршува на 31 декември 2019 година.

Прилеп, 30.06.2020 година

Овластен ревизор

Грозда Костадинова

Пелагониска ревизорска куќа ДОО Прилеп

Управител

Овластен ревизор

ДООПелко Ристески

Финансиски извештаи за годината
завршена на 31.12.2019 во согласност со барањата на
сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија
за Млекара АД Тетово

- ✓ **Извештај за финансиската состојба**
- ✓ **Извештај за сеопфатна добивка**
- ✓ **Извештај на паричниот тек**
- ✓ **Извештај за промените во главнината**

Овие финансиски извештаи се потпишани од управителот Виолета Николова.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
НА МЛЕКАРА АД ТЕТОВО
на 31 декември 2019 година

	Белешки	31 декември 2019 во (000) МКД	31 декември 2018 во (000) МКД
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	25	1.478	1.242
Материјални средства	26	119.987	118.749
Вложувања во недвижности	27	20	20
Долгорочни финансиски средства		**121.485**	**120.011**
Вкупно нетековни средства			
Тековни средства			
Залихи	28	9.194	8.682
Побарувања од поврзани друштва		-	-
Побарувања од купувачи	29	37.012	38.948
Побарувања за дадени аванси на добавувачи	29	1.677	4.490
Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акциза и за останати давачки кон државата (претплати)	29	-	
Побарувања од вработените	29	648	1.091
Останати краткорочни побарувања	30	855	2.262
Краткорочни финансиски средства	29	1.244	1.334
Парични средства и парични еквиваленти		**50.630**	**56.807**
Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР)		**172.115**	**176.818**
Вкупно тековни средства			
ВКУПНО СРЕДСТВА			
ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ			
Главнина и резерви	31		
Основна главнина		45.557	45.557
Премии на емитирани акции		-	-
Ревалоризациска резерва		52.399	52.399
Резерви		9.311	9.311
Акумулирана добивка		-	-
Пренесена загуба (-)		(75.046)	(75.633)
Добивка/Загуба за деловната година		(5.245)	587
Вкупно главнина и резерви		**26.976**	**32.221**
Долгорочни резервирања за ризици и трошоци			
Долгорочни обврски	32	**15.319**	**20.837**
Одложени даночни обврски			
Тековни обврски	33		
Обврски спрема поврзани друштва		76.577	75.393
Обврски спрема добавувачи		28.039	25.125
Обврски за аванси, депозити, позајмици		426	395
Обврски за даноци и придонеси на плата и надомести на плата		922	850
Обврски кон вработените		-	212
Тековни даночни обврски		-	
Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва		23.856	21.785
Обврски по заеми и кредити			
Обврски по основ на учество во резултатот			
Останати финансиски обврски			
Останати краткорочни обврски			
Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди			
Вкупно тековни обврски		**129.820**	**123.760**
Вкупно обврски		**145.139**	**144.597**
ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ		**172.115**	**176.818**

Одборот на директори на ден 28.05.2020 год. ги одобри овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложи на Собранието на акционери за усвојување

Директор
Виолета Николова

Финансиски извештаи за 2019 година
Белешките се составен дел на финансиските извештаи

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
НА МЛЕКАРА АД ТЕТОВО
на 31 декември 2019 година

	Белешки	31 декември 2019 во (000) МКД	31 декември 2018 во (000) МКД
Приходи од работењето		**165.661**	**160.873**
Приходи од продажба	6	164.618	159.431
Останати приходи	7	1.043	1.442
Промена на вредноста на залихи на готови производи и на недовршено производство	**8**	**1.250**	**566**
Капитализирано сопствено производство и услуги			
Расходи од работењето		**170.438**	**159.051**
Трошоци за суровини и други материјали	9	131.540	125.480
Набавна вредност на продадени стоки	10	32	
Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	11	-	42
Услуги со карактер на материјални трошоци	12	3.814	5.047
Останати трошоци од работењето	13	5.610	6.979
Трошоци за вработените	14	16.279	14.778
Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	15	2.605	2.670
Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства	16	754	401
Резервирања за трошоци и ризици		-	-
Останати расходи од работењето	17	9.804	3.654
Финансиски приходи	**18**	**16**	**22**
Финансиски расходи	**19**	**1.734**	**1.637**
Удел во загубата/добивката на придружените друштва			
Добивка/Загуба од редовното работење	**20**	**(5.245)**	**773**
Нето добивка/загуба од прекинати работења		-	-
Добивка/Загуба пред оданочување	**20**	**(5.245)**	**773**
Данок на добивка	21	-	186
Одложени даночни приходи/расходи		-	-
Нето добивка/загуба за деловната година	**22**	**(5.245)**	**587**
Останата сеопфатна добивка		-	-
Останата сеопфатна загуба		-	-
Вкупна сеопфатна добивка (загуба) за годината	**23**	**(5.245)**	**587**
Сеопфатна добивка (загуба) којашто им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво		(5.245)	587
Сеопфатна добивка (загуба) којашто им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво			
Заработувачка/загуба по акција (денари по акција)	24	0	4

Директор
Виолета Николова

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА НА МЛЕКАРА АД ТЕТОВО

за годината завршена на 31 декември 2019 година

ОПИС	Состојба на 31 декември 2018 година (во 000 МКД)	Зголемување (во 000 МКД)	Намалување (во 000 МКД)	Состојба на 31 декември 2019 година (во 000 МКД)
Основна главнина	45.557	-	-	45.557
Ревалоризациона резерва	52.399	-	-	52.399
Резерви	9.311		-	9.311
Акумулирана добивка	-	-	-	-
Пренесена загуба	(75.633)	587	-	(75.046)
Дивиденди				
Добивка / Загуба за финансиската година	587	-	(5.832)	(5.245)
Вкупно главнина и резерви	**32.221**	**587**	**(5.832)**	**26.976**

Претседател
Виолета Николовиќ

„МЛЕКАРА"
увоз - извоз
ТЕТОВО
2

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
НА МЛЕКАРА АД ТЕТОВО
на 31 декември 2019 година

	31 декември 2019 во (000) МКД	31 декември2018 во (000) МКД
I. Готовински тек од оперативни активности		
Нето добивка/загуба по оданочување	(5.245)	587
Амортизација на основни средства	2.605	2.670
Зголемување/намалување на тековните средства		
Залихи	(512)	(1.381)
Побарувања од поврзани друштва	-	-
Побарувања од купувачи	1.936	(1.431)
Побарувања за дадени аванси на добавувачи	-	-
Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	2.813	111
Побарувања од вработените	-	-
Останати краткорочни побарувања	-	-
Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР)	90	150
	4.327	(2.551)
Зголемување/намалување на тековни обврски		
Обврски спрема поврзани друштва	-	-
Обврски спрема добавувачи	1.184	(1.613)
Обврски за аванси, депозити и кауции	2.914	3.957
Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плата	31	68
Обврски кон вработените	72	6
Тековни даночни обврски	(212)	85
Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва	-	-
Обврски по заеми и кредити	2.071	6.984
Обврски по основ на учество во резултатот	-	-
Останати финансиски обврски	-	-
Останати краткорочни обврски	-	-
Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР)	-	-
Вкупно нето готовина од оперативни активности	6.060	9.487
	7.747	10.193
II. Готовински тек од инвестициски активности		
Нематеријални средства	-	-
Материјални средства	(4.079)	(3.879)
Вложувања во недвижности	-	-
Долгорочни финансиски средства	-	-
Краткорочни финансиски средства	443	-
Вкупно нето готовина од инвестициски активности	(3.636)	(3.879)
III. Готовински тек од финансиски активности		
Главнина и резерви	-	-
Долгорочни резервирања за ризици и трошоци	-	-
Долгорочни обврски	(5.518)	(4.588)
Одложени даночни обврски	-	-
Вкупно нето готовина од финансиски активности	(5.518)	(4.588)
Вкупно нето пораст/намалување на готовината	(1.407)	1.726
Готовина на почетокот од годината	2.262	536
Готовина на крајот од годината	855	2.262

Директор
Виолета Николова

БЕЛЕШКА 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Акционерското друштво за производство и промет со млеко и млечни производи МЛЕКАРА увоз-извоз од Тетово е основано во рамките на ЗИК Тетово -Тетово. Шифрата на претежна дејност на друштвото е 10.51 - преработка на млеко и производство на сирење. Друштвото спаѓа во групата на средни деловни субјекти.

Основната дејност на Друштвото е преработка на млеко и производство на сирење, а покрај тоа регистрирано е и за вршење на други дејности во внатрешниот и надворешниот трговски промет. Друштвото не котира на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност.

Седиштето на друштвото е на ул. 29 Ноември бб, Тетово.

Управувањето на друштвото е организирано според едностепен систем на управување со Одбор на директори. Одборот на директори на друштвото се состои од (3) три члена од кои два се неизвршни а еден извршен член. Извршен член е Виолета Николова а неизвршни членови се Миле Атанасов и Пиха Стерјова.

Според Акционерската книга која се води во Централниот депозитар на хартии од вредност Друштвото располага со 149.368 обични акции со номинална вредност од 5 евра по една акција односно акционерскиот капитал на друштвото изнесува 746.840 евра.

Од вкупниот број на акции во 2019 година 40% се во сопственост на Европа ДООЕЛ Штип, 19,95% се во сопственост на Миле Атанасов, 9% се во сопственост на Макпромет-М ДООЕЛ Штип и 31,5% се во посед на физички лица.

Во 2019 година Друштвото врз основа на часови на работа имаше 42 вработени (2018: 45 вработени).

БЕЛЕШКА 2. ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ (МСФИ)

Друштвото Млекара АД Тетово известува согласно со Меѓународните стандарди за финансиско известување, утврдени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди, објавени во Правилникот за водење сметководство („Службен весник на РМ“, бр, 159/09, 164/10 и 107/11).

БЕЛЕШКА 3. ОСНОВ ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи подготвени од страна на друштвото секоја тековна година се составуваат во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување МСФИ објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за водење на сметководството.

Финансиските извештаи се подготвуваат по методот на споредливост – тековна со претходна година и се презентираат во илјади (000) МКД. Онаму каде е потребно споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.

Финансиските извештаи подготвени за тековната година се поединечни.

Сетот на финансиските извештаи ги опфаќа:

- извештај за финансиската состојба,
- извештај за сеопфатната добивка,
- извештај за паричните текови,
- извештај за промени во капиталот и
- објаснувачките белешки.

3.1. Основа за подготовка

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, освен за вложувањата расположливи за продажба кои се признаваат според нивната објективна (пазарна) вредност доколку постои активен пазар.

3.2. Користени проценки

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои не можат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, застареноста на залихите, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто биле засновани проценките или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

3.3. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека Друштвото ќе продолжи да работи и во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

3.4. Странски валути

Искажувањето на транскациите изразени во странски валути а пресметани во МКД се врши според девизниот курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските изразени во странска валута се искажуваат во денари по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики опфатени се во Извештајот за сеопфатна добивка како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период.

3.5. Девизни курсеви

Официјаните девизни курсеви кои се применуваат за искажување на вредност на ставките во извештајот за финансиската состојба се утврдуват на крајот на тековната година и се споредуваат со претходната година.

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките од Извештајот за финансиската состојба се следниве:

	2019	2018
31 декември 1 ЕУР	61,4856 ден.	61,4950 ден.
31 декември 1 УСД	54,9518 ден.	53,6887 ден.

3.6. Споредбени показатели

Финансиските извештаи секоја тековна година редовно се ревидираат со што се овозможува споредба со показателите во финансиските извештаи од претходната година.

БЕЛЕШКА 4. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И ПРОЦЕНКИ

4.1. Нематеријални средства

Нематеријалните средства се средства без физичка содржина но кои можат да се идентификуваат. Нематеријалните средства треба да се идентификуваат а се признаваат само доколку:

1. е веројатно дека идните економски користи ќе му се препишат на нематеријалното средство;
2. набавната вредност на средството може веродостојно да се измери.

Корисниот век на нематеријалното средство се определува како ограничен и неограничен. Корисниот век на нематеријалното средство што произлегува од договори и други законски права не треба да го надмине периодот на договорот и другите законски права.

Амортизацијата на нематеријалните средства со ограничен корисен век се пресметува врз основа на набавната вредност на нематеријалните средства и тоа по праволиниска метода.

4.2. Материјални средства

4.2.1. Признавање

Материјалните средства се признаваат како средства според трошокот на набавката и се признаваат како средства кога ќе ги исполнат следните услови:

1. се очекува идна економска корист поврзана со тоа средство и
2. набавната вредност, односно цената на чинење на средството, може со сигурност да се измери.

4.2.2. Вреднување при почетното признавање

Трошокот на набавка, односно набавната вредност на материјалното средство (цена на чинење), кој се распоредува за време на корисниот век на употреба, е еднаков на износот на платените парични средства или еквиваленти на парични средства, или на објективната вредност на друг надомест којшто е даден за да се стекне едно средство во моментот на неговото стекнување или изградба.

Набавната вредност на материјалните средства ја опфаќа набавната (куповната) цена, вклучувајќи ги увозните давачки и неповратните даноци, како и трошоците кои директно можат да се припишат на доведувањето на средството во работна состојба на употреба (трошоци за подготовка на местото, рамнење, градење на потпорни ѕидови, канали за одводнување, трошоци за рушење на стари градби, испорака и манипулација, инсталирање и монтажа, како и услуги на стручни лица и слично). Сите трговски попусти и рабати се одбиваат за да се дојде до набавната (куповната) цена.

Набавната вредност на средство кое се произведува во сопствена режија се определува со користење на истите принципи како и за стекнато средство. Ако друштвото произведува слични средства за продажба во нормалниот тек на работење, набавната вредност е еднаква на набавната вредност на средствата што се произведуваат за продажба (МСС 2). Сите интерни добивки се елиминираат при определувањето на набавната вредност на средството, додека трошоците предизвикани од прекумерно трошење на материјал, труд или други ресурси кои биле направени заради сопствената изградба на средство не се вклучуваат во неговата набавна вредност.

Ставките на недвижностите, постројките и опремата кои се утврдени со попис а претходно не биле евидентирани во деловните книги, се признаваат по проценета фер вредност и во корист на останатите приходи (вишоци).

Ако сметководствената вредност е поголема од проценетиот надоместлив износ, за разликата се врши вредносно усогласување до надоместливиот износ. Добивките или загубите настанати со продажба се определуваат преку споредбата на продажната вредност со сметководствената вредност.

Кога набавката на средствата се реализира преку размена со друго средство, износот на трошокот на набавка се утврдува според фер (објективната) вредност на преземеното (набавено) средство.

Инвестиционите вложувања се оние издатоци со кои се продолжува векот на употреба на средството, се зголемува неговиот капацитетот, се зголемува квалитетот на производите кои се произведуваат со тоа средство или се намалуваат трошоците на производство на тие производи.

Вредноста на инвестиционите вложувања се додава на набавната вредност и така зголемената основица се амортизира.

4.2.3. Вреднување по почетното признавање на недвижностите

По почетното признавање, недвижностите, постројките и опремата се вреднуваат по набавна, односно претпоставена набавна вредност намалена за акумулираната депрецијација и резервирање поради оштетување доколку постои. Претпоставената набавна вредност претставува ревалоризирана набавна вредност на одредени ставки на недвижностите, постројките и опремата кои се ревалоризирани во периодите пред 2005 година по пат на примена на коефициенти за индексирање утврдени од страна на Државниот Завод за Статистика.

4.2.4. Пренос на ревалоризационата резерва во капитал

Ревалоризационата резерва која е настаната по основ на ревалоризација на одредени ставки на недвижностите се пренесува во акумулирана добивка за годината во која таа ставка е отпишана.

Преносот на ревалоризационите резерви во акумулирана добивка може да се врши и додека средството е во употреба. Во тој случај, износот на реализираната ревалоризациона резерва кој се пренесува на акумулирана добивка е разликата помеѓу износот на амортизацијата кој е пресметана на ревалоризираната вредност на средството и амортизацијата која би била пресметана доколку врз средството е применет моделот на набавна вредност.

4.2.5. Амортизација на недвижности, постројки и опрема

Векот на употреба на средството е периодот во кој се очекува дека Друштвото ќе го користи средството. Недвижностите, постројките и опремата се амортизираат според систематска основа низ времетраењето на корисниот век на употреба на даденото средство.

Корисниот век на употреба за секоја ставка на недвижностите, постројките или опремата се проценува и определува со проценка од компетентни лица. На инвестициите во тек не се пресметува амортизација.

	2019	2018
Градежни објекти	1-5%	1-5%
Постројки и опрема	2-4 %	2-4 %
Транспортни средства	4-10%	4-10%
Компјутери	10 %	10 %

Пресметувањето на амортизацијата започнува истиот ден кога средството станува расположливо за употреба т.е. кога тоа е на локацијата и во состојба неопходна за тоа да биде оперативно способно на начин предвиден од страна на раководството.

Средството престанува да се амортизира на првиот ден од датумот кога средството е класифицирано како средство што се чува за продажба согласно со МСФИ 5 и од датумот кога средството е отпишано.

4.2.6. Отпишување (повлекување од употреба и отпуѓување)

Недвижностите, постројките и опремата се отпишуваат од деловните книги во момент на отпуѓување или доколку понатаму од нив не се очекуваат никакви идни економски поволности.

Добивките или загубите кои настануваат со отпишувањето на одредено средство, се утврдуваат како разлика помеѓу проценетата нето добивка од отпуѓувањето на тоа средство и неговата сметководствена вредност и се признаваат како приход или расход во периодот во кој се настанати.

Недвижностите, постројките и опремата кои во согласност со МСФИ 5 - *Нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинати работења*, ги исполнуваат критериумите да бидат класифицирани како нетековни средства наменети за продажба, се вреднуваат во согласност со одредбите на овие сметководствени политики кои се однесуваат за нетековни средства наменети за продажба.

4.3. Обезвреднет имот

Одредбите од оваа точка се однесуваат на следните видови на имот:

- недвижности (земјиште и градежни објекти),
- постројки и опрема,
- нематеријални средства,
- учество на капиталот во зависни и поврзани правни субјекти.

Ако на денот на Извештајот за финансиската состојба постојат индикации дека вредноста на некое средство од ставот 1 од оваа точка е намалена, се врши проценка на надоместливата вредност. Надоместлива вредност претставува нето продажната цена или употребната вредност, во зависност која од овие две е повисока.

Ако надоместливата вредност е помала од неговата сметководствена вредност, сметководствената вредност се сведува на надоместливата вредност и истовремено се намалуваат реваloризационите резерви доколку претходно се формирани за тоа средство.

Доколку не се формирани реваloризациони резерви или формираните резерви се искористени за друга цел, за износот на загубата од обезвреднување се признава расход за периодот.

Ако на денот на Извештајот за финансиската состојба постојат индикации претходно признатата загуба од обезвреднување повеќе да не постои или да е намалена, се врши проценка на надоместливата вредност на средството.

За средства кои се вреднуваат по моделот на реваloризација (објективна, фер вредност), загубата поради обезвреднување призната во претходните години, се признава како приход односно зголемување на реваloризационата резерва, а сметководствената вредност се зголемува за надоместливата вредност.

4.3.1. Средства набавени со финансиски лизинг

При почнувањето на времетраењето на лизингот, се признава предметот на финансискиот лизинг како средство и обврска во извештајот за финансиска состојба по износ еднаков на објективната вредност на изнајмениот имот или доколку е пониска, по сегашната вредност на минималните плаќања за лизингот утврдени при почнување на лизингот.

Лизинг каматата се признава како финансиски трошок во текот на траењето на лизингот.

4.4. Нетековни средства што се чуваат за продажба

Нетековното средство се класификува како средство наменето за продажба во согласност со МСФИ 5 - *Нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинати работења*, доколку неговата сметководствена вредност може првенствено да се поврати преку продажна трансакција, а не преку продолжување на користење на средството.

За едно средство да се класифицира како нетековно средство наменето за продажба, според условот од став 1 од оваа точка, потребно е да исполнат и дополнителни услови:

- средството е достапно за моментална продажба во тековната состојба во која се наоѓа,
- продажбата на средството е веројатно да се реализира во рок од една година од денот на признавање како нетековно средство наменето за продажба, под што се подразбира дека постои план или одлука за продажба на средството. За продажбата на средството да биде

веројатна, мора да постои пазар за тоа средство, а понудената цена да биде разумно утврдена за да се овозможи продажба во рок од една година.

4.5. Долгорочни финансиски вложувања

4.5.1. Хартии од вредност и удели

Хартиите од вредност се класифицираат како:

- хартии од вредност по фер вредност,
- хартии од вредност кои се чуваат до нивното доспевање и
- хартии од вредност расположливи за продажба

Вложувањата во акции или удели се искажуваат според трошокот на стекнување. Акциите и уделите се водат според методот на трошокот на вложување (набавна вредност вклучувајќи ги и трансакционите трошоци, освен за хартиите од вредност за тргување).

4.6. Залихи

Залихите вклучуваат:

1. суровини, материјали, резерни делови, ситен инвентар, авто гуми, амбалажи и помошен материјал,
2. стока која се држи за продажба, вклучувајќи ги и малопродажбата како облик на продажба, продажбата на големо, како и недвижности кои се чуваат за продажба;
3. готови производи;
4. недовршени производи.

4.7. Вреднување на залихите

Суровините, материјалите, резервните делови, ситниот инвентар, амбалажата и автомобилските гуми се евидентираат по пониската цена меѓу набавната односно цената на чинење и нето продажната цена. Ситниот инвентар со ставање во употреба се отпишува со стапка од 100%.

Намалувањето на вредноста на залихите се спроведува во време на редовниот годишен попис, а врз основа на проценка за оштетеност, дотраеност на залихите и сл.

Намалувањето на вредноста на залихите се врши на товар на расходите на периодот, вклучувајќи го и секое нивелирање (сведување) по пат на отпис до нето реализационата вредност.

Залихите на недовршеното производство, полупроизводи и готови производи се водат според трошоците на набавката, односно според цената на производството. Во цената на производството се вклучуваат трошоците на материјали за изработка, платите за изработка, останатите директни трошоци и останатите општи трошоци кои може да се доведат во врска со сегашната состојба и сегашната локација на залихите. Износот на општите и директните трошоци кои се вклучени во вредноста на тие залихи се утврдува со калкулации кои посебно се изработуваат за секој производ и секој работен налог. Сите трошоци се водат по места и носители на трошоци.

Намалувањето на вредноста на залихите на недовршеното производство, полупроизводи и готови производи се врши при годишниот попис. Намалување на вредноста на залихите, се врши во случај на неадекватен квалитет на изработката, оштетување и дотраеност на залихите до нето реализационата вредност ако е пониска од набавната. Во случај на вонредни настани на залихите им се намалува вредноста и пред редовниот годишен попис.

4.8. Краткорочни побарувања

Побарувањата од купувачите, побарувањата од вработените, побарувањата од државата и другите институции и останатите побарувања се искажуваат по номинална вредност зголемена за каматите согласно склучениот договор односно одлуката за исплата.

Во вкупните побарувања најзначајна ставка се побарувањата од купувачите во земјата и странство. За овие побарувања друштвото ги има усвоено следниве политики:

- Побарувањата од купувачите во земјата ги евидентира во денари и по срочност со рокови на втасување (недоспеани, од 0-30, од 31-60 дена, од 61 до 90 дена, од 90-180 дена, од 180-240 дена, од 240-270 дена, од 270-360 дена, над 360 дена).
- Побарувањата од купувачте во странство ги евидентира во соодветни странски валути и во денари и по срочност со рокови на втасување (недоспеани, од 0-30, од 31-60 дена, од 61 до 90 дена, од 90-180 дена, од 180-240 дена, од 240-270 дена, од 270-360 дена, над 360 дена).
- Побарувањата кои се сомнителни и неизвесни во наплатата, друштвото ги евидентира на посебна сметка сомнителни и спорни побарувања во која спаѓаат сомнителните ненаплатени побарувања и тужените побарувања. За овие побарувања кои се постари од 3 години и ненаплативи, Друштвото врши исправка на вредноста на крајот на секоја деловна година по индиректна метода. Вака отпишани побарувања се сврстуваат во даночно непризнати расходи.
- За побарувањата од купувачи спрема кои е отпочната стечајна постапка друштвото врши редовно пријавување на своето побарување и за истото врши исправка на вредноста по индиректна метода. Доколку побарувањето е признато од стечајниот управник неговиот отпис не е сврстен во групата на даночно непризнати расходи.
- За тужените побарувања за коишто постои правосилно судско решение за наплата, а кои неможи да се наплатат, Друштвото врши директна исправка на вредноста и оваа исправка не е сврстена во групата на даночно признати расходи.

4.9. Краткорочни финансиски вложувања

Дадените заеми, депозити и кауции се искажуваат според нивната номинална вредност, согласно договорот. Пресметаните камати се капитализираат по нивната достасаност, согласно со анекс на договорот.

Останатите краткорочни вложувања се искажуваат по набавна вредност, зголемена за каматата согласно склучениот договор.

4.10. Парични средства

Парите на сметките во денари кај комерцијалните банки се водат во номинални износи според доставениот извод за состојбата на прометот на тие сметки. Парите во благајна во денари се искажуваат по номинална вредност.

Девизите на сметките во банката и благајната се искажуваат по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на изготвување на Извештајот на финансиската состојба.

Пресметувањето на девизите се врши секогаш на денот на промената на состојбата на сметката (благајната) и на крајот на месецот.

За целите на составување на Извештајот за паричните текови:

а) паричните средства ги опфаќаат готовината во касите и депозитите по видување (денарски и девизни),

б) паричните еквиваленти ги опфаќаат краткорочните, високо ликвидни вложувања, кои брзо можат да се конвертираат во парични средства и кои се предмет на безначаен ризик во промената на нивната вредност (рок на достасаност до 3 месеци и помалку).

4.11. Активни временски разграничувања

Однапред платените трошоци за идни периоди се искажуваат како активни временски разграничувања, а се пресметуваат во трошоци на периодот за кој се однесуваат. Причината за разграничувањето како и износот кој се однесува на идните периоди мора да бидат искажани на соодветна сметководствена исправа.

Приходите кои се пресметани во корист на тековниот период а немаат елементи за да се искажат како побарување, се искажуваат како активни временски разграничувања. Кога ќе се стекнат услови за испоставување на документ врз основа на кој се стекнуваат побарувањата, временските разграничувања се пренесуваат на сметките на побарувањата. Основата за приходување и искажување на таквите износи на временските разграничувања мора да биде утврдена со соодветна сметководствена исправа.

4.12. Основна главнина

Запишаниот (основен) капитал се искажува на посебна сметка во износ кој е запишан во трговскиот регистар при основањето, односно при промената на уписот на вредноста на капиталот.

4.13. Резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 1/10 од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 1/10 од вредноста на основната главнина, истата може да се употреби само за покривање на загуби.

4.14. Ревалоризациона реверва

Ревалоризациона резерва (ревалоризационен вишок) произлегува од објективното вреднување на нетековните средства по нивното почетно признавање според набавна вредност, како и од дополнително вреднување на финансиските инструменти кои се расположиви за продажба. Ревалоризациониот вишок се пренесува во акумулираната добивка кога ќе се реализира согласно МСС 16.

4.15. Задржана (акумулирана) добивка/загуба

Во деловните книги на друштвото Млакара АД Тетово посебно се искажува задржаната (нераспоредена) добивка, а посебно искажаната загуба од работењето.

Искажаната загуба од работењето може да се покрие со задржаната добивка само со одлука на друштвото а во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва.

Доколку настане загуба, истата се покрива од сите позиции на капиталот. Членовите на друштвото не се обврзани со договорот на друштвото/статутот да ја покриваат загубата со внесување на дополнителни влогови.

Исплатата на дивиденда или добивка се спроведува врз основа на одлука на собранието и според одредбите на Законот за трговските друштва.

Аванс на добивка може да се исплатува ако во меѓупресметковниот период Друштвото искажува добивка при тоа да не постои пренесена загуба и со соодветно исполнување на сите останати услови согласно Законот за трговските друштва.

4.16. Добивка или загуба во тековната година

Добивката или загубата во тековната година во Извештајот за финансиската состојба се искажува по одаточувањето како добивка, односно загуба од работењето.

4.17. Заработувачка по акција

Друштвото ја прикажува основната и разводнетата заработувачка по акција од обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

4.18. Долгорочни обврски

Долгорочните обврски спрема поврзаните друштва, долгорочните обврски по заеми, долгорочните обврски спрема кредитните институции, долгорочните обврски за аванси, долгорочните обврски спрема добавувачите и останатите долгорочни обврски се искажуваат по номинална вредност, зголемена за достасаните камати според склучениот договор.

Долгорочните обврски искажани во девизи се пресметуваат по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на изготвување на Извештајот на финансиската состојба, но и на крајот на секој месец во случај кога се отплаќаат долгови.

За долгорочните обврски за кои не се пристигнати опомени и тужбени побарувања а се постари од три години, друштвото врши нивно приходување.

4.19. Краткорочни обврски

Обврските по заеми, обврските спрема кредитните институции, обврските за аванси, депозити и гаранции, обврските спрема добавувачите, обврските спрема вработените, обврските за даноци, придонеси и други давачки, и останатите краткорочни обврски се искажуваат во вредност која е искажана во соодветна сметководствена исправа, зголемена за каматите според склучениот договор, пропис, односно одлука на надлежниот орган на друштвото.

Овие обврски се класифицираат како краткорочни, доколку на датумот на изготвување на Извештајот на финансиската состојба рокот на доспевање им е до 12 месеци.

Обврските по меници и чекови, односно останатите хартии од вредност се искажуваат по номинална вредност на хартиите од вредност кои ги сочинуваат краткорочните обврски на друштвото зголемени за каматата ако е договорена или утврдена со одлуката за издавање на хартии од вредност.

За краткорочните обврски за кои не се пристигнати опомени и тужбени побарувања а се постари од три години, друштвото врши нивно приходување.

Друштвото врши пресметка и исплаќа плата, придонеси и даноци од плата на вработените секој месец до 15 во тековниот месец за претходниот месец.

Друштвото врши пресметка и плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на две месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање. Друштвото нема направено резервирања за ова право на вработените бидејќи се смета дека сумата е незначајна за финансиските извештаи.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат од работа по основ на технолошки вишок, износ кој зависи од работниот стаж на вработениот но најмогу до седум месечни плати исплатени во Република Северна Македонија. Друштвото нема направено резервирање на ова право на вработените.

4.20. Данок на добивка

Данокот на добивка се утврдува и плаќа според Годишниот даночен биланс и истиот претставува одбитна ставка од финансискиот резултат пред оданочување во Билансот на успех (Извештајот за сеопфатна добивка). Данокот на добивка согласно важечките законски прописи се пресметува на основицата позитивен финансиски резултат зголемена за одредени трошоци кои не се признаваат за даночни цели (непризнати трошоци). Данокот на добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на денот на изготвување на извештајот за финансиска состојба и истата изнесува 10%.

4.21. Пасивни временски разграничувања

На товар на пресметковниот период се пресметуваат и трошоците за кои не постојат соодветни сметководствени исправи за да можат да се признаат како обврска а за кои со сигурност може да се утврди дека се однесуваат на тековниот пресметковен период. Кога ќе се прибават документи за признавање на обврските, се врши укинување на временските разграничувања во корист на сметките на обврските.

Приходите за кои нема услови за признавање во тековниот пресметковен период, се одложуваат преку временски разграничувања за идните периоди. Во корист на временските разграничувања се евидентираат и наплатените приходи кои се однесуваат за идните периоди а за кои не било искажано соодветно побарување.

4.22. Наеми

Наемите со кои се пренесуваат на Друштвото сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на изнајменото средство се признаваат како финансиски наеми, при што средството се

евидентира според неговата објективна вредност или доколку е таа пониска од набавната, по сегашната вредност на минималните плаќања за наемот. Во текот на разгледуваниот период Друштвото нема трансакции кои преставуваат финансиски наеми, при што истото не се јавува ни како корисник на такви средства.

Наемите кај кои значаен дел од ризиците и користите кои произлегуваат од сопственоста се задржани од страна на наемодавателот, се класифицирани како оперативни наеми.

Плаќањата за наем при оперативен наем се искажуваат во извештајот за сеопфатна добивка на рамномерна основа за времетраењето на наемот во евиденцијата на наемателите. Наемодавателите ги презентираат средствата кои се предмет на оперативен наем во извештајот за финансиската состојба како средства за издавање или вложувања во недвижности. Во текот на разгледуваниот период Друштвото нема трансакции кои преставуваат оперативен наем, при што истото не се јавува ни како наемодавател ни како наемокорисник на такви средства.

4.23. Приходи и расходи

Приходите ги опфаќаат приходите и добивките.

Приходите настануваат со вршење на редовни активности. Приходи од редовните активности се приходи од продажба на производи, стоки, услуги, камати, дивиденди, авторски надомести, закупнини и др.

Добивките претставуваат други ставка кои ја задоволуваат дефиницијата на приходите и можат, но не мора да настанат со вршење на редовни активности. Добивките претставуваат раст на економската вредност и како такви не се разликуваат од приходите. Добивките опфаќаат добивки кои настануваат со оттуѓување на нетековните средства, како и нереализирани добивки како што се добивките кои настануваат од ревалоризација на хартиите од вредност расположиви за продажба и добивките кои се резултат на зголемување на сметководствената вредност на нетековните средства. Добивките се прикажуваат во нето износ, откако ќе се намалат за соодветните расходи.

Расходите офаќаат загуби и расходи кои настануваат како последица на редовните деловни активности. Расходите кои настануваат како последица на редовните активност опфаќаат трошоци за продажба, заработка, амортизација и други деловни расходи.

Загубите претставуваат други ставки кои ја задоволуваат дефиницијата за расходи и можат, но не мораат да настанат како последица на редовните активности.

Приходите се мерат според објективната вредноста на примениот надомест или на побарувањето. Приходите се признаваат ако истовремено пораснат средствата или се намалат обврските.

Приходите од продажба на производи се признаваат ако:

- на купувачот се пренесени сите ризици и користи од сопственоста над производите;
- друштвото не задржува ниту трајно управување, ниту контрола над производите;
- износот на приходите може да се измери;
- е веројатно дека продадените производи ќе се наплатат;
- трошоците кои настанале или кои ќе настанат во врска со продажбата може со сигурност да се измерат.

Ако во моментот на настанувањето на настанот се процени дека наплатата не е извесна, приходите се одложуваат. За реализацијата од претходните пресметковни периоди и за онаа која во тековниот пресметковен период е пресметана во корист на приходите, се врши исправка на побарувањата на товар на трошоците.

Во политиката за признавање расходи, друштвото се придржува до следните критериуми:

- расходите имаат за последица намалување на средствата или зголемување на обврските, при што е возможно да се измери со сигурност;

- расходите имаат директна поврзаност со настанатите трошоци и посебните позиции на приходите;
- кога се очекува остварување на приходите во повеќе идни пресметковни периоди, тогаш признавањето на расходите се извршува со постапката на разумна алокација на пресметковни периоди;
- расходот веднаш се признава во пресметковниот период кога издатокот не остварува идни економски користи а нема услови да се признае како позиција на активата во Извештајот за финансиска состојба;
- расходот веднаш се признава во пресметковниот период и тогаш кога настанала обврска а нема услови да се признае како позиција на активата.

Сите трошоци и расходи кои се однесуваат на пресметковниот период мораат да бидат опфатени во финансиските извештаи.

4.24. Трошоци за позајмици

Трошоците за позајмици се признаваат како расходи во периодот во кој се настанати, освен оние кои се капитализирани.

Трошоците за позајмиците директно припишани на стекнување, изградба или производство на средства кои се квалификуваат согласно со МСС 23, се капитализираат како составен дел од набавната вредност, односно цената на чинење на средството.

4.25. Ефекти од девизните курсеви

Трансакциите во странски валути при почетното признавање се евидентираат во денарска противвредност, со примена на средниот курс од НБРСМ кој важи на денот на трансакцијата.

На секој датум на изготвување на Извештајот за финансиската состојба, паричните ставки (девизните средства, побарувањата и обврските) се пресметуваат со примена на заклучниот курс (курсот на денот кога се изготвува извештајот).

Курсните разлики кои настанале по основ на трансакција во странска валута се признаваат како приход или расход за периодот во кој настанале.

4.26. Резервации

Резервации се признаваат кога Друштвото има постојана обврска како резултат на минат настан, кога е веројатно дека од одливите на ресурсите кои вклучуваат економски користи ќе се бара исплата на обврската и кога со веродостојна проценка може да се процени износот на обврската. Расходот за било која резервација се признава во Извештајот за сеопфатна добивка намалена за износот на намалувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

4.27. Неизвесности

Неизвесни обврски се можни обврски кои се јавуваат од поранешни настани и чие постоење ќе биде потврдено само со случувањата или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани кои не се во целост под влијание на друштвото. Неизвесна обврска е и сегашна обврска

која се јавува од поранешни настани но не е признаена поради тоа што одливот на ресурси кои вклучуваат економски користи ќе биде баран за исплата на обврска а износот на обврската не може да се измери со задоволителна веродостојност. Друштвото не ги признава неизвесните обврски во финансиските извештаи туку само ги обелоденува. Неизвесни средства се можни средства кои се јавуваат од поранешни настани и чие постоење ќе биде потврдено само со случување или не случување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Друштвото не признава неизвесни средства, туку само ги обелоденува таму каде што приливот на економски користи е веројатен.

4.28. Грешки од претходен период

Материјално значајна грешка која е откриена во тековниот период а се однесува на претходен период и која при тоа има значително влијание на финансиските извештаи на еден или повеќе претходни периоди со што претходните финансиски извештаи не можат да се сметаат за веродостојни, се смета за грешка од претходен период, согласно на МСС 8 - *Сметководствени политики, промена на сметководствените проценки и грешки (односно Одделот 10 на МСФИ за МСЕ).*

Грешката од претходниот период се поправа така што за износот на таа грешка се врши корекција на почетната состојба на пренесениот резултат, односно на соодветната позиција во Извештајот за финансиската состојба доколку грешката е од таква природа да не влијае на резултатот.

